ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1225/21**
Дата: **07/12/2021**
Купувач: С.Неделковска
Рок на доставување: **21/12/2021**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 2+2

☒ ПОНУДА

☐ БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за: **месечно сервисирање на 2 патнички и 1 товарен лифт, согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по Ваша потврда за учество на тендерот.**

- **Напомена:**

  - ✓ Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресата snedelkovska@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr најдоцна до 15.12.2021. При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот;
  - ✓ Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор со времетраење од 3 (три) години.
  - ✓ Понудувачот задолжително да достави изјава дека ги исполнува **условите кои се пропишани со правилникот за користење на лифтови и транспортери , за време на важењето на договорот.**

- **Достава на понуда:**

Понудата да се достави во затворен коверт, со назнака
**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1225/21"**.
Понудата да биде во архивата на ОКТА **пред или на 21/12/2021.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

➢ **Завршни одредби:**

1. Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
2. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
3. Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги доставаат само писмено (по електронска пошта). ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
4. ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
5. Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
6. Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ. **(Понуди во друга валута нема да се разгледуваат)**.

**Понудите кои нема да бидат доставени до дефинираниот краен рок, или продолжениот рок за доставување, или не се подготвени според ова Барање понуди, нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Симона Неделковска

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски